Врз основа на член 108 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 со измените), и согласно член 106 од Статутот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Ректорската управа на Универзитетот распишува

**К О Н К У Р С**

**ЗА ТРЕТ УПИСЕН РОК ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ**

**НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ВО УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА**

1. На единиците на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во согласност со Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во учебната 2016/2017 година, а врз основа на бројот на запишани студенти во вториот уписен рок, за запишување во прва година на прв циклус студии во учебната 2016/2017 година, во третиот уписен рок има слободни места на следните високообразовни единици и за следните студиски насоки:

1.1. На Факултетот за деловна економија и организациони науки можат да се запишат вкупно 31 студенти во прва година на студии на следните насоки:

- Менаџмент, маркетинг и финансии (настава на англиски јазик) **(НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ СЕ АКРЕДИТИРАНИ ВО САД).**

1.2. На Факултетот за правни науки можат да се запишат вкупно 11 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик) на следните насоки:

- Правосудна насока;
- Деловно право **(НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).**

1.3. На Факултетот за архитектура и дизајн можат да се запишат вкупно 24 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик) на следните насоки:

- Архитектура;
- Внатрешна архитектура;
- Визуелни уметности.
- Архитектура и менаџмент **(НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД)**

1.4. На Факултетот за компјутерска техника и информатика можат да се запишат вкупно 5 студенти во прва година на студии (настава на англиски јазик) на следната насока:

- Софтверско инженерство;
- Компјутерски мрежи;
- ИТ менаџмент.
- Менаџмент на информациски системи **(НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД)**

1.5. На Факултетот за странски јазици можат да се запишат вкупно 12 студенти во прва година на студии на следната насока:

- Настава по англиски јазик;
- Деловна комуникација и превод на англиски јазик **(НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).**

1.6. На Факултетот за политички науки можат да се запишат вкупно 17 студенти во прва година на студии на следната насока:

- Психологија (настава на англиски и македонски јазик);
- Меѓународни односи и дипломатија (настава на англиски јазик);
- Меѓународни односи и дипломатија со бизнис (настава на англиски јазик) **(НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).**

1.7. На Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн можат да се запишат вкупно 15 студенти во прва година на студии на следните насоки:

- Архитектура;
- Внатрешна архитектура.

2. Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање и попустите кои се одобруваат, се регулирани со тарифникот на Универзитетот.
3. Запишувањето во третиот уписен рок се врши според истите услови и критериуми утврдени во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во учебната 2016/2017 година, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 30.04.2016 и на интернет страницата www.uacs.edu.mk.
4. Уписниот рок започнува со објавувањето на конкурсот и трае до 15.10.2016 година. Доколку на конкурсот се јават повеќе кандидати од утврдениот број согласно овој конкурс, нивниот избор ќе се врши врз основа на рангирање што посебна комисија на Универзитетот ќе го изврши согласно Одлуката за утврдување број на студенти, услови и критериуми бр. 08-432/6 од 11.04.2016 година.

Подетални информации во врска со овој конкурс можат да се добијат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на тел. број 2 463 156 или на веб страната на Универзитетот www.uacs.edu.mk.

**Универзитет Американ Колеџ**
**Скопје**
**Ректорска управа**